,,Koj имитира еден народ, тој е еден од нив

Ибн Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: ,,Koj имитира еден народ, тој е еден од нив."
[حسن] [رواه أبو داود وأحمد]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, во овој хадис ни кажува дека оној кој имитира некого, без разлика дали се неверници или грешници или добри луѓе, постапувајќи според нивни специфични обреди и ритуали во верувањето, богослужба или обичаи - тој се смета за еден од нив. Бидејќи, имитирањето во надворешна смисла води до имитација и во внатрешна смисла, а несомнено е дека имитирањето на некого е производ на восхит кон него, а може да доведе и до љубов, глорификација и до приклонување. А сето ова го води човекот кон тоа да го имитира таквиот и во внатрешните верски работи - Аллах да нè сочува од тоа.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5353